Почитувани уметници, почитувана публико, почитувачи на делото на композиторот и професор Томе Манчев, негови блиски роднини, пријатели и колеги Ви благодарам за Вашето присуство. Со концертот вечерва Општина Гевгелија, во рамките град на културата, и сите ние присутни вечерва, му оддаваме достојна почит на композиторот Томе Манчев, во неговиот роден град. Вечерва, со изведбата на неколку негови дела ќе одбележиме и претставиме еден сегмент од композиторска дејност преку изведбата на неговите камерни дела.

Томе Манчев ќе остане запаметен како тивок, скромен човек, со исклучителна професионалност, целосна посветеност и неисцрпна инспиративност. Композитор и професор што приоѓаше кон секој проблем со перфекционизам со стремеж тоа што ќе се изработи и создаде да биде совршено, беспрекорно, а во неговите дела совршенството го исполнуваше со длабока емотивност, со силни чувства, јасна национална определба, која произлегуваше од неговата бескрајна почит за музичкото наследство на македонското поднебје, и мислата водилка – да се осмисли нешто ново што не е досега создадено. Кон сите прашања, дела, трудови... композиторот Манчев приоѓаше на единствен, за него препознатлив, и непопустлив начин, секој збор, секоја мисла, секоја нота да бидат избрани откако најмалку дваесет пати ќе се осмислат, проверат, прегледаат сѐ дури не го добијат своето идеално место, а со тоа и значење.

За ликот и делото на Томе Манчев може да се говори многу со оглед на неговата исклучително обемна дејност: творечка, педагошка, истражувачка, научна и општествена, но и за неговиот, посветен и истраен чекор по долгиот едукативен пат, поминувајќи ги сите степени на наобразба се до завршувањето на два доктората.

Томе Манчев е роден во Гевгелија 1950 година, каде што завршува основно и гимназиско образование, а по завршување на воениот рок се запишува на Високата музичка школа каде што најпрвин дипломирал на педагошкиот (1973), наставно-теоретскиот (1975) и композиторскиот оддел (1979) во класата на академик проф. Властимир Николовски.. Во 1977 година го следел летниот курс по композиција во Грожњак – Р Хрватска под водство на Великиот Витолд Лутославски од Полска и Андре Лпорт од Белгија. Од овој курс Лутославски во списанието „Звук“ од 1977 година, изјави: „Од југословенските композитори, најголем впечаток ми остави младиот колега од Скопје (Томе Манчев), кој се служи со смели и неочекувани модуси во своите остварувања“.

Понатаму образованието го продолжил на Музичкиот факултет во Прага (Р Чешка) и тоа 1980 – 1981 година во вид на студиски престој, а од 1982 до 1988 дипломирал на највисокиот степен на студии: Уметничка аспирантура на Прашкиот музички факултет од обласа композиција под менторство на професорите: Јиржи Дворжачек и Јозеф Церемуга. Проф. д-р Томе Манчев по вторпат со титулата доктор на музички науки но овој пат доктор по

уметнички науки втор степен се стекнал во 1999 година на државната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија – Р. Бугарија, под менторство на проф. д-р Димитар Сагаев. Неговиот највисок втор степен на докторска дисертација под наслов „Движењето, суштински елемент во симфонискoто творештво“ добива високи оценки, кои се огледаат во рецензиите на повеќе видни професори на софиската музичка академија. Треба да споменеме, композиторот проф. д-р Томе Манчев е добитник е на две награди за животно дело, повеќе награди за своето творештво, благодарници и дипломи за својата дејност.

Тој е претставник на македонската композиторска школа, со извонредно значаен творечки опус. Неговата оркестрациска техника, длабоката инспирираност од изворите на народната музичка традиција, вешто постигнатата колоритност преку мошне оригиналните хармонски склопови, а не помалку значајната полифона техника, се атрибути, произлезени од неговите големи познавања на сите стилски композиторски и оркестрациско-оркестарски техники од барокот па се до најсовремените светски текови.

Во Македонија ретки се композиторите како Томе Манчев кои во творечкиот процес се обидуваат да истражуваат, а уште помалку да создаваат нови творечки закони и законитости од аспект на општите музички начела: форма и структура, тематизам и музички материјал, оркестрацијата со темброт, музичките инструменти и поместувањето на нивните изведувачки можности. Тематизмот и музичката материја, во делата на

композитор Томе Манчев најпластично ја создава својата музичка траекторија. Во музичкиот тематизам, доминира процесот на приближување на македонската музичка традиција до најсовремените композиторско – творечки светски достигнувања, со што Томе Манчев негува индивидуален стил и јазик како негов личен творечки печат.

Делата на композиторот Томе Манчев се изведени на повеќе манифестации и концерти во Македонија, во сите републики на поранешна Југославија: Србија, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина, потоа низ светските центри: Р Чешка, Р Полска, Р Кина, Р Русија, Украина, Албанија, Узбекистан, Австрија, Франција, Австралија, САД, Бугарија и др. Музиката на композиторот Томе Манчев е издадена на повеќе авторски носачи на звук (CD) како и на носачи на звук (CD) од други познати уметници и институции. Голем дел од партитурите се печатени во реномирани музички изданија.

Првичното мото на композиторот Томе Манчев беше да создаде високо квалитетно и уметничко дело со моќна експресија, високо ниво на психоенергија, совршено композициско техничко обликување. Од личен аспект, тој велеше секој треба да ја сака сопствената земја повеќе од сам себеси, да биде добар и искрен човек.

Во подготовката на програмата на овој концерт избравме дела за кои сме сигурни дека, нашиот почитуван професор и драг пријател Томе Манчев, ќе сакаше да му бидат изведени.

На програмата на вечерашниов концерт се композиции од различен творечки периоди: ДД за соло флејта, Циклус Санаториумска балада за глас и пијано, потоа Соната Ламентозо за виолина и пијано, Монолог и дијалог за фагот и Интрада и капричо за виолина, кларинет, виолончело, пијано и вокал.

Вечерва преку оваа музика ќе го поуствуваме длабок сензитивен тематизам на Том Манчев, облагороден од далечната фолклорна традиција, се разбира поставена на централниот творечки пиедестал опкружена со селектиран, дозиран и рафиниран емоционален и рационален баланс на драмските и лирските драматуршки и севкупни естетски принципи.

Ќе ја исполиниме неговата желба - музиката и делата да говорат за самиот творец, што е подобро од сите зборови кои би можеле вечерва да ги кажеме.

Веруваме дека со внимание, и (по малку) носталгија ќе ги проследите избраните дела, музиката која ќе не потсети и наврати на композиторот. Томе Манчев, неговите емоции, неговата енергија и неговите размисли што ги споделуваше со сите нас.